РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02-10484/1
20-10-2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## Извештај за финансиското работење на претпријатието во третиот квартал од 2021 година



Скопје, 2021

# СОДРЖИНА

I. **Општи информации**

II. **Табеларен приказ на тримесечен финансиски извештај за III квартал 2021**

III. **Остварени приходи III квартал 2021**

IV. **Остварени расходи III квартал 2021**

V. **Биланс на состојба III квартал 2021**

VI. **Биланс на успех III квартал 2021**

VII. **Табела специфицирани приходи III квартал 2021**

VIII. **Табела специфицирани расходи III квартал 2021**

IX. **Извештај за реализирана инвестициона програма III квартал 2021**

## ВОВЕД

Овој извештај се изготвува согласно член 5 од Законот за јавните претпријатија и се однесува за периодот јули - септември 2021 година. Извештајот се доставува до Владата на Република Северна Македонија, како основач на Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП). Во извештајот е прикажана реализацијата на приходите, расходите и инвестициите во третиот квартал од 2021 година. Извршена е споредба на нивната реализација во однос на реализацијата во истиот период од 2020 година.

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 година со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија. Претпријатието е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Во периодот јули - септември 2021 година Јавното Претпријатие за државни патишта реализираше задачи утврдени со Програмата за изградба, рехабилитација, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, при што ги оствари следните активности и соодветни финансиски резултати:

## III. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП за државни патишта за периодот јули - септември 2021 година

| Ред.бр. | Опис | План 2021 | Остварено 2021 | Остварено 2020 | Структурна анализа 2021 | Споредбена анализа (остварено 2021/план 2021) | Споредбена анализа (остварено 2021/остварено 2020) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **11.095.000.000** | **2.475.454.560** | **2.972.467.274** | **100,00%** | **22,31** | **83,28%** |
| 1.1 | Приходи од патарина | 3.550.000.000 | 985.268.727 | 600.672.725 | 39,80% | 27,75 | 164,03% |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 2.050.000.000 | 504.960.156 | 490.577.106 | 20,40% | 24,63 | 102,93% |
| 1.3 | Други приходи | 43.000.000 | 7.153.787 | 15.731.339 | 0,29% | 16,64 | 45,47% |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 4.650.000.000 | 976.418.696 | 838.388.980 | 39,44% | 21,00 | 116,46% |
| 1.5 | Приходи од камати,пресметани позитивни курсни разлики и останати долгорочни вложувања | 802.000.000 | 1.653.194 | 1.027.097.124 | 0,07% | 0,21 | 0,16% |
| 2 | **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **5.394.150.000** | **1.068.087.237** | **948.930.837** | **100,00%** | **19,80** | **112,56%** |
| 2.1 | Трошоци суровини и материјали | 92.150.000 | 23.880.955 | 20.334.968 | 2,24% | 25,92 | 117,44% |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 1.555.000.000 | 398.714.550 | 221.677.808 | 37,33% | 25,64 | 179,86% |
| 2.3 | Останати трошоци од работењето | 467.000.000 | 79.903.912 | 164.574.402 | 7,48% | 17,11 | 48,55% |
| 2.4 | Амортизација | 1.900.000.000 | 489.050.898 | 478.754.539 | 45,79% | 25,74 | 102,15% |
| 2.5 | Трошоци за вработените | 320.000.000 | 72.317.148 | 59.529.258 | 6,77% | 22,60 | 121,48% |
| 2.6 | Расходи за камати и негативни курсни разлики (финансиски расходи) | 1.060.000.000 | 4.219.774 | 4.059.862 | 0,40% | 0,40 | 103,94% |
| 2.7 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | | | 0,00% | | |
| 3 | **Финансиски резултат (добивка/загуба)** | **5.700.850.000** | **1.407.367.323** | **2.023.536.437** | 131,77% | | |
| 4 | **Вкупни неизмирени обврски (краткорочни)** | | 3.503.164.154 | 3.226.040.429 | 327,98% | | |
| 5 | **Вкупни ненаплатени побарувања** | | 177.673.644 | 366.755.632 | 16,63% | | |
| 6 | **Состојба на сметки (денарски и девизни)** | | 2.056.629.521 | 1.442.292.451 | 192,55% | | |
| 7 | **Вкупен број на вработени лица** | | 483 | 483 | | | |
| | Број на лица вработени на неопределено време во претпријатието/друштвото | | 362 | 367 | | | |
| | Број на лица вработени на определено време во претпријатието/друштвото | | | | | | |
| | Број на привремено вработени лица во претпријатието/друштвото | | 121 | 116 | | | |
| 8 | **Износ на просечно исплатена нето плата во претпријатието** | | 33.557 | 31.428 | | | |

## III. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Планираните приходи на ЈПДП за 2021 година произлегуваат од изворите на средства за финансирање на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од нафтени деривати;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за :
   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,
   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
   д) прекумерно користење на пат,
   ѓ) вонреден превоз и
   е) штета сторена на патот и објектите на патот,
5) средства од Буџетот на Република Северна Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и таа не може да биде помала од 20% од вкупниот приход остварен врз основа на акциза од нафтени деривати.

Во периодот јули - септември 2021 година ЈП за државни патишта ги има остварено следниве приходи:

1. **Приход остварен од делот од акцизата од нафтени деривати**, во третиот квартал од 2021 година изнесува 976.418.696 денари, односно 21% од планираните за 2021 година, односно во споредба со истиот период од минатата година, приходот остварен по овој основ е поголем за 16,46% или за 138.029.716 денари. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

2. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)** во износ од 985.268.727 денари, односно 27,75% од вкупно планираниот приход по оваа основа за 2021 година. Во споредба со истиот период од 2020 година, приходот врз оваа основа е поголем за 64,03%, односно за 384.596.002 денари. Висината на тој надоместок е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на Република Северна Македонија за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), бр.45 -3763/1 од 03 јуни 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/2019 од 11.06.2019).

3. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса)** што се плаќа при **регистрација на возилата,** во износ од 504.960.156 денари, што е 24,63% од планираниот приход по таа основа за 2021 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот врз оваа основа е поголем за 2,93% или за 14.383.050 денари. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот.

4. **Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта** изнесуваат 7.153.787 денари. Овие приходи се остваруваат врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", како и други приходи, како и пресметани приходи од побарувања по основ на судски предмети.

**Во третиот квартал од 2021 година имаме остварено повеќе приходи во споредба со третиот квартал од 2020 година за 537.008.768 денари.**

5. **Приходи** од пресметани и наплатени камати во износ од 1.091.810 денари, пресметани позитивни курсни разлики 561.384 денари или вкупно приходи по двата основи 1.653.194 денари.

## IV. ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во периодот јули - септември 2021 година направени се расходи по следниве позиции:

1. **Трошоци за суровини и материјали и електрична енергија________23.880.955** денари:
   - трошоци за канцелариски материјали------------------------------------------1.147.435 денари
   - трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици----------------1.403.920 денари
   - трошоци за електрична енергија, гориво и др. трошоци за енергија---21.329.600 денари

2. **Услуги со карактер на материјални трошоци____________________ 398.714.550** денари:
   - трошоци за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет-------------------5.058.537 денари
   - трошоци за одржување патишта (Македонијапат)------------------------252.750.961 денари
   - трошоци за одржување на опрема и згради, одржување на софтвер, одржување хигиена на наплатни станици и други трошоци-----------14.008.926 денари
   -режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, парно, водостопанство)----------------------------------------------------------------------- 7.402.164 денари
   - трошоци за огласи---------------------------------------------------------------------- 149.763 денари
   - трошоци за надзор над одржување на државни патишта-------------------79.159.238 денари
   - трошоци за провизија за здруженија за технички преглед-----------------22.095.062 денари
   - други трошоци за услуги и услуги за привремено вработени--------------18.049.956 денари
   - трошоци за регистрација на службени возила-------------------------------------- 39.943 денари

3. **Останати трошоци од работењето__________________________________ 79.903.912** денари:
   - надоместоци за членови на УО и НО-----------------------------------------------670.222 денари
   - трошоци за репрезентација (вода наплатни станици и др.) -------------------162.543 денари
   - трошоци за осигурување-----------------------------------------------------------------31.517 денари
   - трошоци за банкарски провизии----------------------------------------------------9.283.304 денари
   - останати трошоци (административни, судски, нотарски такси)----------------85.259 денари
   - трансфери кон ЕЛС за одржување локални патишта и улици-------------44.606.692 денари
   - трошоци за вештачења, адвокатски услуги (судски спор со Рубау), трошоци по судски решенија, преводи------------------------------------------25.064.375 денари

4. **Пресметан трошок за амортизација_______________________________ 489.050.898 денари**

5. **Трошоци за вработените__________________________________________ 72.317.148 денари:**
   - Трошоци за бруто плати---------------------------------------------------------- 58.416.864 денари
   - Трошоци за превоз на инкасанти, обуки и други---------------------------------4.645.015 денари
   - Трошоци за солидарна помош и отпремнини за пензија, осигурување за вработени---------------------------------------------------------- 9.162.007 денари
   - Трошоци за службени патување ------------------------------------------------------ 93.262 денари

6. **Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики (финансиски расходи)_________________________________________ 4.219.774 денари:**
   - негативни курсни разлики---------------------------------------------------- 4.218.497 денари
   - камати------------------------------------------------------------------------------ 1.277 денари

1. Ставката трошоци за суровини и материјали е поголема во споредба со периодот од минатата година поради набавка на работни униформи и обувки за вработените на наплатните станици,
2. Ставката услуги со карактер на материјални трошоци е поголема во споредба со истиот период од минатата година поради зголемените исплати за тековно одржување на државните и регионалните патишта кон ЈП за одржување на магистрални и регионални патишта (Македонијапат), направен трошок за одржување на згради и објекти на ЈПДП, тековно одржување на агрегати, трошоци за воден надомест, како и зголемени трошоци за надзор на одржување и рехабилитација на државни патишта.
3. Ставката трошоци за вработените е поголема во споредба со периодот од минатата година поради зголемена ангажираност на вработените на наплатните станици во летниот период што се должи на зголемената фрекфенција на возила , за разлика од минатата година кога беше намален интензитетот на сообраќајот како последица од мерките против COVID-19.

**Напомена**: Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики произлегуваат од користењето и отплатата на странски кредити, односно од кредитната задолженост на ЈП за државни патишта.



| | V.БИЛАНС НА СОСТОЈБА | Остварено 30.09.2021 | Остварено 30.09.2020 | Споредбена анализа оств.тек.год. /оств.претх.год(%) | Структурна анализа тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | |
| 1 | Парични средства | 2.056.630 | 1.442.291 | 142,59% | 1,83% |
| 2 | Побарувања краткорочни | 177.673 | 366.756 | 48,44% | 0,16% |
| 3 | Залихи | 1.700 | 1.464 | 116,12% | 0,00% |
| 4 | Краткорочни финансиски средства | | | | |
| 5 | Други тековни средства (АВР) | | | #DIV/0! | 0,00% |
| 6 | **Тековна актива (1+2+3+4+5)** | **2.236.003** | **1.810.511** | **123,50%** | **1,99%** |
| 7 | **Материјални средства и вложувања во недвижност** | **109.830.401** | **104.032.190** | **105,57%** | **97,97%** |
| 8 | Долгорочни фин. вложувања (долгорочни побарувања) | 35.004 | 49.075 | 71,33% | 0,03% |
| 9 | **Нематеријални средства** | **3.032** | **10.678** | **28,39%** | **0,00%** |
| 10 | Долгорочни финансиски средства | | | | |
| 11 | Други средства | | | | |
| 12 | **Вкупна актива (6+7+8+9+10+11)** | **112.104.440** | **105.902.454** | **105,86%** | **100,00%** |
| 13 | Вонбилансна актива | | | | |
| | **ПАСИВА (Обврски и Акционерски капитал)** | | | | |
| 14 | Краткорочни обврски | 3.503.164 | 3.226.040 | 108,59% | 3,12% |
| 15 | Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР) | 2.017.204 | 2.137.913 | 94,35% | 1,80% |
| 16 | **Тековни обврски** | **3.503.164** | **3.226.040** | **108,59%** | **3,12%** |
| 17 | Долгорочни обврски | 44.060.949 | 42.131.912 | 104,58% | 39,30% |
| 18 | Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци | 143.439 | 152.578 | 94,01% | 0,13% |
| 19 | **Нетековни средства (17+18)** | **44.204.388** | **42.284.490** | **104,54%** | **39,43%** |
| 20 | **Обврски (16+19)** | **47.707.552** | **45.510.530** | **104,83%** | **42,56%** |
| 21 | Капитал | 5.000 | 5.000 | 100,00% | 0,00% |
| 22 | Акумулирана добивка | 42.627.572 | 40.128.314 | 106,23% | 38,02% |
| 23 | Резерви | 7.480.661 | 2.499.257 | 299,32% | 6,67% |
| 24 | Ревализациони резерви | 9.796.453 | 9.796.453 | 100,00% | 8,74% |
| 25 | Добивка/Загуба деловна година | 2.469.998 | 5.824.987 | 42,40% | 2,20% |
| 26 | **Вкупен капитал (21+22+23+24+25)** | **62.379.684** | **58.254.011** | **107,08%** | **55,64%** |
| 27 | **Вк. обврски и капитал (20+26) Пасива** | **112.104.440** | **105.902.454** | **105,86%** | **100,00%** |
| 28 | Вонбилансна пасива | | | | |

## VI. Табела БИЛАНС НА УСПЕХ III квартал 2021 година

во илјада денари (000)

| Poz | Опис | План III квартал 2021 | Остварено III квартал 2021 | Остварено III квартал 2020 | Споредба остварено тековна година/оств. претх. год | Споредба остварено тековна година/планирано | Структурна анализа тековна година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 2 | Акциза | 1.162.500 | 976.419 | 838.389 | 116,46% | 83,99% | 39,47% |
| 3 | Патарина | 887.500 | 985.269 | 600.673 | 164,03% | 111,02% | 39,83% |
| 4 | Регистрација (патна такса) | 512.500 | 504.960 | 490.577 | 102,93% | 98,53% | 20,41% |
| 5 | Други приходи | 10.750 | 7.154 | 15.731 | 45,48% | 66,55% | 0,29% |
| 6 | Вкупно приходи од дејноста | 2.573.250 | 2.473.802 | 1.945.370 | 127,16% | 96,14% | 100,00% |
| 7 | Финансиски приходи | | | | | | |
| 8 | Камати | 5.500 | 1.092 | 13.363 | 8,17% | 19,85% | 66,06% |
| 9 | Позитивни курсни разлики | 195.000 | 561 | 1.013.734 | 0,06% | 0,29% | 33,94% |
| 10 | Вкупно Финансиски приходи | 200.500 | 1.653 | 1.027.097 | 0,16% | 0,82% | 100,00% |
| 11 | **Вкупно приходи** | **2.773.750** | **2.475.455** | **2.972.467** | 83,28% | **89,25%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 12 | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 13 | Трошоци за материјали и сл. | 23.038 | 23.881 | 20.335 | 117,44% | 103,66% | 4,15% |
| 14 | Трошоци за услуги со карактер на материјални трошоци | 388.750 | 398.715 | 221.678 | 179,86% | 102,56% | 69,36% |
| 15 | Трошоци за плата и надоместоци | 80.000 | 72.317 | 59.529 | 121,48% | 90,40% | 12,58% |
| 16 | Останати трошоци од работењето | 116.750 | 79.904 | 164.574 | 48,55% | 68,44% | 13,90% |
| 17 | Вкупно Расходи од дејноста | 608.538 | 574.817 | 466.116 | 123,32% | 94,46% | 100,00% |
| 18 | Камати | 75.000 | 1 | 1 | 133,51% | 0,00% | 0,00% |
| | Негативни курсни разлики | 190.000 | 4.219 | 4.059 | 103,94% | 2,22% | 0,86% |
| 19 | Амортизација | 475.000 | 489.051 | 478.755 | 102,15% | 102,96% | 99,14% |
| 21 | Вкупно останати расходи | 740.000 | 493.271 | 482.815 | 102,17% | 66,66% | 100,00% |
| 22 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | | | | | |
| 23 | **Вкупно расходи** | **1.348.538** | **1.068.088** | **948.931** | 112,56% | **79,20%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 24 | Финансиски резултат | 1.425.213 | 1.407.367 | 2.023.536 | 69,55% | 98,75% | |
| 25 | Данок на добивка | | | | | | |
| 26 | Нето Финансиски резултат | 1.425.213 | 1.407.367 | 2.023.536 | | | |

во илјада денари (000)

# VII.ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ III КВАРТАЛ 2021

| | 3. Специфицирани приходи | Планирано III квартал 2021 година | Остварено III квартал од 2021 година | Остварено III квартал 2020 година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Дел од акциза од нафтени деривати | 1.162.500 | 976.419 | 838.389 | 116,46% | 83,99% | 39,47% |
| 2 | Патарина | 887.500 | 985.269 | 600.673 | 164,03% | 111,02% | 39,83% |
| 3 | Регистрација (патна такса) | 512.500 | 504.960 | 490.577 | 102,93% | 98,53% | 20,41% |
| 4 | Други приходи | 10.750 | 7.154 | 15.731 | 45,48% | 66,55% | 0,29% |
| 5 | **Вкупни оперативни приходи (1+2+3+4)** | **2.573.250** | **2.473.802** | **1.945.370** | **127,16%** | **96,14%** | **100,00%** |
| | **Останати приходи** | | | | | | |
| 6 | Приходи од камати | 5.500 | 1.092 | 13.363 | 8,17% | 19,85% | 66,06% |
| 7 | Приходи од позитивни курсни разлики | 195.000 | 561 | 1.013.734 | 0,06% | 0,29% | 33,94% |
| 8 | **Вкупно останати приходи (6+7)** | **200.500** | **1.653** | **1.027.097** | **0,16%** | **0,82%** | **100,00%** |
| 9 | **Вкупно приходи (5+8)** | **2.773.750** | **2.475.455** | **2.972.467** | **83,28%** | **89,25%** | |

во илјада денари (000)

# VIII. ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ III КВАРТАЛ 2021

| | 4. Специфицирани расходи | Планирано за I квартал 2021 година | Остварено за III квартал од 2021 година | Остварено за III квартал 2020 година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 23.038 | 23.880 | 20.335 | 117,43% | 103,66% | 2,24% |
| 2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 388.750 | 398.715 | 221.678 | 179,86% | 102,56% | 37,48% |
| 3 | Останати трошоци од дејноста | 116.750 | 79.904 | 164.574 | 48,55% | 68,44% | 7,51% |
| 4 | Трошоци за вработени | 80.000 | 72.317 | 59.529 | 121,48% | 90,40% | 6,80% |
| 5 | Амортизација | 475.000 | 489.051 | 478.754 | 102,15% | 102,96% | 45,97% |
| 6 | **Вкупни оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **1.083.538** | **1.063.867** | **944.870** | **112,59%** | **98,18%** | **100,00%** |
| | **Останати расходи** | | | | | | |
| 7 | Расходи по основ на камати | 75.000 | 1 | 1 | 100,00% | 0,00% | 0,00% |
| 8 | Расходи по основ на курсни разлики | 190.000 | 4.219 | 4.059 | 103,94% | 2,22% | 0,40% |
| 9 | **Вкупно останати расходи (7+8)** | **265.000** | **4.220** | **4.060** | 103,94% | 1,59% | 0,40% |
| 10 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | | | | | |
| 11 | **Вкупно расходи (6+9)** | **1.348.538** | **1.068.087** | **948.930** | **112,56%** | **79,20%** | **100,00%** |
| 1 | Трошоци за плати и придонеси | | 72.317 | 59.529 | | | |
| 2 | Просечен број на вработени | | 483 | 483 | | | |

IX Извештај за реализирани Инвестициона програма во III квартал 2021 година:

| Инвестициона програма | Програма 2021 година | Реализација – VII-IX-2021 | Реализација VII-IX-2020 | Споредба VII-IX 2021/VII-IX- 2020 | Реализација VII-IX 2021/програма 2021 | Структура на одделни во вк. реализирани инвестиции во периодот VII-IX 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно инвестиции** | **16.010.500.000** | **1.707.122.202** | **2.355.865.206** | **72,46** | **10,66%** | **100,00%** |
| **1) Инвестиции од сопствени средства** | **3.472.000.000** | **679.974.138** | **950.582.666** | **71,53** | **19,58%** | **39,83%** |
| * Градба, рехабилитација, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 1.642.000.000 | 303.678.947 | 572.586.119 | 53.04 | 18,49% | 17,79% |
| *Инвестиционо одржување на патишта (Македонија пат и др) | 726.000.000 | 165.124.331 | 186.757.569 | 88,42 | 22,74% | 9,67% |
| *Надомест за одземен имот - експропријација | 300.000.000 | 46.787.732 | 60.492.906 | 77,34 | 15,60% | 2,74% |
| *Средства по Одлука на Влада за Мак.пат | 180.000.000 | 74.340.000 | 0 | 0 | 41,30% | 4,35% |
| *Расходи за инфраструктурни проекти и надзор | 618.000.000 | 84.732.460 | 129.483.870 | 65,44 | 13,71% | 4,96% |
| *Опрема | 6.000.000 | 5.310.668 | 1.262.202 | 420,75 | 88,51% | 0,31% |
| **2) Инвестиции од странски кредити** | **12.538.500.000** | **1.027.148.064** | **1.405.282.540** | **73,09** | **8,19%** | **60,17%** |



Графички приказ на инвестициите од сопствени средства:




1. **За инвестиции од сопствени средства** во извештајниот период беа реализирани 679.974.138 денари и тоа:

- Средствата во износ од 303.678.947 денари реализирани се за ситуации за рехабилитација на државни и регионални патишта и тоа:, делница Куманово – Страцин, реконструкција на делница Ропалце-Матејче-Липково, изградба на делница ГП Блаце – Скопје (клучка Стенковец), рехабилитација на државен пат Р-1205 Злетово – Пробиштип, како и санација на свлечишта и мостови. Исто така реализирани се средства за сопствено учество во инвестиции од проектот Кичево – Охрид.
- За инвестициско одржување на државните патишта во третиот квартал од 2021 година потрошени се средства во износ од 165.124.331 денари согласно Договорот и Програмата за одржување на државните патишта со ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Скопје.
- За надомест за одземен имот, односно експропријација беа потрошени 46.787.732 денари.
- За реализација на ставката расходи за инфраструктурни проекти и надзор во третиот квартал од годината потрошени се 84.732.460 денари. За надзор над изградбата и одржувањето на патиштата потрошени се 71.155.085 денари и тоа за

надзор над градби финансирани од меѓународни кредити, како и надзор над изградбата на проектите финансирани од сопствени средства за кои ЈП за државни патишта има склучено договори. За изработка или дополнување на инфраструктурни проекти во извештајниот период реализирани се 13.577.375 денари.

Графички приказ на инвестициите од странски кредити:




2. **За инвестиции од странски кредити**, беа реализирани вкупно 1.027.148.064 денари и тоа:

- За реализација на Проектот за електронска наплата на патарини, Програма за градба на национални патишта и Проектот за градба на делница Штип – Радовиш, Крива Паланка - Деве Баир (граница со Р.Бугарија), како и патишта финансирани од проектот за национални патишта финансирани од **ЕБОР** потрошени се 941.843.130 денари;

- За реализација на Проектот за унапредување и развој на патиштата (Ранковце – Крива Паланка) финансиран од кредит од **Светска Банка** потрошени се 85.304.934 денари.

Директор

Ejup Rustemi